„Кој ќе заборави дека пости, па ќе јаде или ќе пие, нека го доврши својот пост, затоа што Аллах (така) го нахранил и го напоил.“

Од Ебу Хурејре – Аллах нека е задоволен со него – се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе заборави дека пости, па ќе јаде или ќе пие, нека го доврши својот пост, затоа што Аллах (така) го нахранил и го напоил.“

[متفق عليه] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека оној кој јаде или пие поради заборав додека пости – без разлика дали станува збор за задолжителен или доброволен пост – не треба да го прекинува, туку треба да го продолжи. Бидејќи тоа не го направил намерно, неговиот пост останува исправен. Всушност, тоа е ризк што Аллах му го определил – Тој го нахранил и го напоил.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4525